**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број:11 – 1684/2
Датум: 08.03.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 04.03.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Ванчо Мицков“ бб , по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x240мм2 , заради реализација на приклучок за барател МАКОМ Градба ДООЕЛ.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x240мм2 .Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечка трансформаторска станица,продолжува по тревна подлога , постоечките патеки од павер елементи ги поминува по пат на бушење и продолжува по тревна подлога, се до новопредвидено КРО Ф5 лоцирано пред парцелата на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 90 метри, за подлога од павер елементи 8м , за тревна подлога 82м , а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на нормирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за тревна подлога да уплати износ од 7.741,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од тревна подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави хумус и завршно да се затреви ровот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*